Политиката најопшто може да се дефинира како остварување на одредени идеи суштествени за една заедница. Тоа се пред се’ идеите за општото добро, правдата и општата корисност.

По дефиниција, надворешната политика треба да биде дел, значителен дел од политиките што било која држава или суверен политички ентитет ги спроведува. Ние ја именуваме таа политика како надворешна политика, но и други луѓе ја нарекуваат - меѓународна политика, светска политика, глобалната политика, меѓународни односи, компаративна политика.

Државата е врховна организација на човештвото денес. Чувствата кои членовите на оваа национална заедница ги негуваат кон неа се наречени национализам. Суверенитетот пак, овозможува национализмот да добие политички и правен израз во меѓународното општество. Ова значи дека државите, главни актери во меѓусебните односи, себе си се сфаќаат како суверени, а тоа значи дека тие не се подложни на ниеден повисок политички авторитет. Отука институциите на меѓународното општество, вклучувајќи го тука и правото, се осмислени така што да можат да одговорат на барањето за суверенитет.

Квалитетот на практицирањето на политичката култура, е тесно поврзан со демократскиот развој на една држава. Развојот на цивилното општество, побарува развој на демократска политичка култура, создавање на критичка јавност, демократска социјализација на граѓаните, афирмација на цивилните вредности кои во својот фокус го имаат граѓанинот.

Културите во државите во услови на галопирачки глобализациски детерминанти очекувано е, и може да се менуваат, но исклучително е тешко да се забележат вистински културни преобразби. Културните разлики во државите во услови на забрзана глобализација се релевантни и за развојот на демократијата.

Поимот "демократска политичка култура" втемелен е во општото одредување на политичката култура, секако и на културата, воопшто. Активистичките дефиниции на политичката култура насочени се кон прашањето во која мерка постоечката политичка култура – одредена како мрежа на субјективни ориентации на припадниците на општеството во однос на базичните елементи на политичкиот систем: политичките институции, процеси и вредности – се јавува како фактор (катализатор) на политичкото преобразување, а во која мерка, наспроти тоа, делува како инструмент на резистенција. Во таа смисла, се воспоставува суштинска врска помеѓу развојот на демократската политичка култура и демократското политичко преобразување.

**Клучни зборови**: политика, држава, глобализација, култура, културни преобразби

## 1. ВОВЕД

Термините "општество" (society) и "заедница" (community), во литературата за меѓународното право и политика често се употребуваат како синоними. Така, зборуваме за национално општество и за меѓународно општество. Ова е донекаде разбирливо затоа што и девете општества претставуваат "човечки организации кои почиваат врз, и се условени од интересите, мотивациите и способностите на луѓето кои ги сочинуваат"[200]. Државата е врховна организација на човештвото денес. Чувствата кои членовите на оваа национална заедница ги негуваат кон неа се наречени национализам. Суверенитетот пак, овозможува национализмот да добие политички и правен израз во меѓународното општество. Ова значи дека државите, главни актери во меѓусебните односи, себе си се сфаќаат како суверени, а тоа значи дека тие не се подложни на ниеден повисок политички авторитет. Отука институциите на меѓународното општество, вклучувајќи го тука и правото, се осмислени така што да можат да одговорат на барањето за суверенитет. Меѓутоа сувереиетот на меѓународен план има значење на правна еднаквост на државите која прилично прецизно може да се дефинира со јазикот на меѓунардното право[201]. Независно од постојаноста на дилемите за смислата, од една страна, како и предизвиците пред кои е исправена во светлото на глобализацијата, од друга страна, државата повеќе векови station наназад успева да ја реализира обврската кон своите граѓани, кои посредно ја раководат. Оттаму, како резултат на изнесеното, следува заклучокот според кој современата демократска држава мора да опстои на принципот на „светоста на личноста", дел од неа, која ги доверила своите суштествени права за да и' бидат задоволени потребите и да и' бидат создадени предусловите за реализација на стремежите, притоа недоведувајќи го во прашање задоволувањето на потребите и реализацијата на стремежите на другите граѓани, дел од истата заедница, односно држава. Овие услови, во најголема мера ги обезбедува демократската држава, која иако не е совршена според зборовите на Черчил, досега подобар облик на државно уредување човековиот ум не успеал да имплементира во праксата.

[200] Levi W., (1976), *Law and Politics in the International Society,* London 1976, pg.37

[201] Малески Д., (2000), *Меѓународна политика,* Правен Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"-Скопје, стр.427

Државата како субјект на меѓународното право во најопшта смисла на зборот се дефинира преку нејзините четири основни карактеристики: население, територија, власт и суверенитет.
Збирот на сите граѓани кои живеат во рамките на определена територија, одделена од другите територии, кои се подредени на власта и имаат воспоставен однос со државата преку правната врска државјанство, се нарекува население.

Територијата претставува подрачје одвоено од другите територии со граница, на која живее определено население и врз кои се протега одредена власт.
Државните граници се крајни точки до каде се простира суверенитетот на една држава.
Власта во рамките на една држава ги уредува односите во самата држава, но и карактерот на нејзините меѓународни позиции.
Највисоката власт, која не признава ниту една друга повисока форма на власт претставува суверенитетот.[202]

Обележјата на модерната држава, онаква каква што ја познаваме денес, се вообличени со Вестфалскиот мировен договор[203], според кој државата ја конституираат три главни карактеристики, територија, население и суверенитет, односно апсолутна моќ на владеење со истите[204]. Со цел подобро да се разбере процесот на признавање и различните специфичности кои се појавиле низ историјата прво ќе обрнеме внимание на термините *суверенитет* и *државност*, што суверенитетот точно значи и како една држава се стекнува со истиот, а подоцна на начините преку кои државите го признаваат постоењето на друга држава[205]. На државата сè уште се гледа како на примарен фактор од кој граѓаните очекуваат решавање на нивните проблеми и општествени потреби. Иако ова делумно се должи на нерешените егсистенцијални проблеми кои имаат социјална природа, сепак не може а да не се забележи силната тенденција на индивудуализација и општествено отуѓување. Исто така, како резултат од остатоците на минатото, кај граѓаните се создава политичка култура која многу лесно се врзува со создавање на култ кон личноста на одредени политички фигури. Граѓаните сè уште во голема мера преферираат лидери кои би владееле со силна рака, отколку развивање на демократско општество[206].

Меѓународното право почива врз определна структура на моќ на меѓународното општество која ја карактеризираат специфични форми на политичко однесување и соодветни форми на поведение.[207]
Карактерот на структурата на меѓународното општество, т.е. неговата хоризонтална поставеност, го прави процесот на создавање норми, чие почитување зависи, во крајна линија, од волјата на државите, бавен и макотрпен[208].
Секоја суверена држава е должна да ја почитува независноста на секоја друга суверена држава, а судовите на една земја нема да ги судат постаките на владата на друга сторени во рамките на својата територија[209].
Највисоката власт, која не признава ниту една друга повисока форма на власт претставува суверенитетот.[210]
Обележјата на модерната држава, онаква каква што ја познаваме денес, се вообличени со Вестфалскиот мировен договор[211], според кој државата ја конституираат три главни карактеристики, територија, население и суверенитет, односно апсолутна моќ на владеење со истите[212].

---

[202] Williams, Goldstein and Schfritz, Classic Readings of International Relations, Wadsworth Publishing Company, Belmond, California, стр.82.

[203] Peace of Westphalia, Енциклопедија „Британика“, (www.britannica.com), пристапено 1 Јуни 2016.

[204] The Crisis of the Sovereign State and the "Privatization" of Defense and Foreign Affairs, Heritage Foundation, (www.heritage.org), пристапено 1 Јуни, 2016.

[205] Diplomatic recognition, Википедија, (www.wikipedia.org), пристапено 1 Јуни 2018.

[206] Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2016) *Перцепциите на граѓаните за транспарентноста и партиципативноста во процесот на донесување на одлуки во единиците на ликалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет, 5. pp. 287-305. ISSN 1857-7229, стр.289

[207] Малески Д., (2000), *Меѓународна политика*, Правен Факултет при Универзитет “Св.Кирил и Методиј“-Скопје, стр.453

[208] Ibid, str.452.

[209] Повеќе кај: Bishop, W.W., (1971), *International Law Cases and Materials*, Little Brown & Co., Boston, Toronto

[210] Williams, Goldstein and Schfritz, Classic Readings of International Relations, Wadsworth Publishing Company, Belmond, California, стр.82.

[211] Peace of Westphalia, Енциклопедија „Британика“, (www.britannica.com).

Модерниот меѓународен систем датира, малку произволно, во 1648 година, кога Договорот од Вествалија стави крај  на триестегодишната војна. Но, како што видовме, човековите права се дел од меѓународните односи одвај во последните педесет години. Отсуството на човековите права од модерните меѓународни односи во првите три века на нивното постоење се должи директно на меѓународниот поредок заснован на суверени територијални држави.[213]

Да се биде суверен значи да не се биде подложен на ниедна повисока сила. Во раната модерна Европа, суверенитетот беше личен атрибут на владетелите. На пример, Томас Хобс пишуваше за "*принцови и други лица со суверена моќ*". Во многу други времиња и места, како на пример во средновековна Европа, ниедна (земска) моќ не беше сметана за суверена. Во современите меѓународни односи, сувереноста се сфаќа како атрибут на територијалните држави.[214]

Суверенитетот означува врховна и независна власт врз одредена територија и нејзиното *население*. Ваквата интерпретација, која е дел од пошироката дефиниција за тоа што е една држава, игра огромна улога во секој аспект од меѓународните односи и меѓународното право бидејќи тоа означува дека никој друг, алудирајќи пред се на друга држава, нема право да пропишува или да спроведува закони на територијата на суверената држава. Со тоа правото на употреба на сила, со цел спроведување на законите, лежи единствено во рацете на носителот на власта, било тоа да е Владата, Претседателот или поделен суверенитет помеѓу двете институции. Оттука, штом една држава се стекне со суверенитет и притоа истиот е признаен од страна на други држави, тие ја признаваат нејзината власт над одредена територија и население и се откажуваат од можноста да се мешаат во внатрешните работи на државата која ја признале.

Кај државите суверенитетот може генерално да се подели на:

- Внатрешен и
- Надворешен.

Внатрешниот суверенитет го определува државниот орган со авторитетот на практикување на власта, а додека надворешната сувереност ја отслукува улогата на државата како единка во меѓународната заедница и се однесуваат на државата како на носител на права и обврски во однос на останатите држави во меѓународното право.

Имајќи го предвид значењето на терминот суверенитет станува јасно значењето и улога на одлуката дали една држава ќе биде меѓународно призната или не, како и потребата секоја територија и народ кои претендираат да станат држава да ги обезбедат условите за стекнување со суверенитет.

## 2. ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Поимот "култура" има свои корени во латинскиот збор "cultivare", што значи 'она' што се култивира при општествено дејствување.

Поимот "демократска политичка култура" втемелен е во општото одредување на политичката култура, секако и на културата, воопшто. Активистичките дефиниции на политичката култура насочени се кон прашањето во која мерка постоечката политичка култура – одредена како мрежа на субјективни ориентации на припадниците на општеството во однос на базичните елементи на политичкиот систем: политичките институции, процеси и вредности – се јавува како фактор (катализатор) на политичкото преобразување, а во која мерка, наспроти тоа, делува како инструмент на резистенција. Во таа смисла, се воспоставува суштинска врска помеѓу развојот на демократската политичка култура и демократското политичко преобразување[215].

Милан Подунавац[216] (1998:13) укажува на тоа дека поимот политичка култура во себе ги вкрстува елементте на сите релевантни дискурзивни стратегии во современата политичка теорија – либерализмот,

[212] The Crisis of the Sovereign State and the "Privatization" of Defense and Foreign Affairs, Heritage Foundation, (www.heritage.org).

[213] Донели Џек, (2004), *Меѓународни човекови права,* МИ-АН, СКопје 2004, стр.34.

[214] Овде е потенцирана легалната и политичката супериорност на државата над останатите актери. Во современиот свет, обично се сфаќа дека внатрешната сувереност лежи на државата која дејствува во име и во интерес на народот: "народна сувереност".

[215] Vujadinovic D., Civilno drustvo I politicka kultura, in *"Filozofska istrazivanja",* 2007:29

[216] Podunavac M., Politicka Kultura I politicki ustanove, in Mirjana Vasovic /ur./, *"Fragmenti politicke kulture"*, Institut drustvenih nauka, Beograd, 1998, str.13.

комунитаризмот, реубликанизам, како и различни традиционални области (поврзани со традиционално сфатените идеји на политичката филозофија и емпириски втемеленото поле на политичката социологија).

Следејќи ги делата на раните теоретичари, Chilton S. (1988:421) ќе забележи дека “културата“ е поширок концепт и мора да биде јасно разјаснет, пред да се пристапи кон надминување на многу поспецифични прашања при дефинирањето на “политичката култура“.

Lowell Dittmer (1977:566) ја дефинира политичката култура како “систем на политички симболи, и овој систем е вгнезден во поинклузивен систем кој ние би можеле да го подведеме под терминот “политичка комуникација“.

Во политичката тероија постојат повеќе типологии на политичката култура. Според степенот и видот на политичко учество и природата на ставовите на луѓето кон политиката, Габриел Олмонд и Сидни Верба идентификуваат три чисти видови на политичка култура: [217]

• *поданичка политичка култура* - се карактеризира со пасивен однос на граѓаните во однос на полтичкиот систем. Личноста се гледа себе си како поданик или субјект врз кој се врши власта, а не како активен учесник во тој процес.

• *парохијална политичка култура* - тотално отсуство на желба и можност да се учествува во политичкиот живот, но и со отсуство на припадност на една државна заедница а со поолемо чувство за припадност на одредени локални заедници. Таа е својствена за општества во кои не постои обликуван политички систем и каде приврзаноста за одредени религиозни, социјални и други улоги доминира.

• *партиципативна политичка култура* - се карактеризира со голем интерес на граѓаните за политиката и со изграден однос кон нивното активно учество во политичкиот живот. Заради тоа овој тип на политичка култура се карактеризира и како “активистичка“.

До оваа тиологија Олмонд и Верба дошле со расчленување на поимот политичка култура. Ако политичката култура е мрежа на ориентации, објекти на олитичкит орентации се:

- Политичкиот систем
- Влезните елеменмти на политчкиот систем – INPUT
- Излезните елементи на политчкиот систем – OUTPUT
- Самите актери на политичкиот систем

Овие три 'чисти' видови на политичка култура може да се комбинираат со што се создава т.н.р. "граѓанска култура", во која се комбинираат најдобрите елементи на секоја од нив.

Исто така популарно е и дефинирањето на политичката култура од страна на Роберт Дал. Според него политичката култура е мрежа на политички ориентации составена од: [218]

- Ориентации кон олитичкиот систем
- Ориентација кон другите луѓе
- Ориентации кон колективната акција
- Ориентации кон решавање на проблеми

Полiтичката култура опфаќа неколку важни моменти: политичката традиција, политичката социјализација, политичкиот јазик, политичкото опкружување и аполитичноста. Првите четири моменти претставуваат активност, односно обликување на политичката култура и нејзина манифестација, додека аполитичноста претставува одбивање на политиката и негирање на нејзиното значење во животот на човекот.

Додека пак, аполитичноста, претставува и состојба на политиката и политичката култура во едно општество на одреден простор и време.

Аполитичноста е последица на заситеноста со политика, заради нејзината преголема динамичност нејзината предвидливост на политичките ставови и манифестации.

Од погоре кажаното би можеле да сумираме дека политичката култура е очигледен, но истовремено и невидлив општествен аспект, своевидна ‘енергија’ врз која се градат и регулираат општествените односи.

Квалитетот на практицирањето на политичката култура, е тесно поврзан со демократскиот развој на една држава.

Развојот на цивилното општество, побарува развој на демократска политичка култура, создавање на критичка јавност, демократска социјализација на граѓаните, афирмација на цивилните вредности кои во својот фокус го имаат граѓанинот.

[217] Климовски С., (2001), *Уставен и политички систем*, Просветно Дело АД, Скопје, стр.982-983.
[218] Ibid., 980-981.

**2.1 ФАКТОРИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА**

Политичката култура се пренесува и се стекнува низ комплексен процес со кој е вклучено воспитувањето во многу општествени институции и тоа: семејството, училиштето, работното место, група (не)истомисленици, во самиот политички систем и тн. Бидејќи поединците ги учат политичките ориентации со намерно учење, преку јавни политички искуства, можеме да заклучиме дека политичката социјализција не мора да се врши директно и експлицитно, туку таа може да биде спонтана, несвесна, но и политички насочена.

Постојат повеќе фактори кои го детерминираат настанувањето на политичката култура, но од нив два се пресудни и тоа:

1.1.1. Политичка традиција
Таа претставува еден вид "колективна меморија на народот". Поради тоа традицијата, како и политичката култура, тешко може да се програмира и анметнува однадвор, бидејќи повеќе и припаѓаат на етиката и историјата, отколку на политиката[219].

1.1.2. Политичка социјализација, се подразбира целината на сите процеси, по пат на кои нормите на политичката култура во одреден политички систем се стекнуваат, одржуваат и менуваат[220]

Значајно е прашањето дали клучните агенси на политичка социјализација делуваат во иста насока (т.н.кумулативна политичка социјализација) или делувањето на агенсите на политичката социјализација е насочено кон стекнување на различни, па и противречни норми на политичката култура (т.н. некумулативна политичка социјализација). Резултат на кумулативна политичка социјализација е формирање хомогена и интегративна политичка култура, а некумулативната политичка социјализација создава фрагментирана политичка култура.

## 3. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И СОЗДАВАЊЕТО ГЛОБАЛНА КУЛТУРА

Глобализацијата е резултат на човековото дејствување, таа е резултат на мисионерите и патниците околу светот, на конквистадори и претприемачите, на финансиските стратези како Џорџ Сорос и на беспомошните помагачи како Мајка Тереза[221]. Од економска гледна точка глобализацијата значи процес на зголемена меѓународна поделба на работата, а со тоа и испреплетувања на националните економии преку трговијата со стоки и услуги, преку граничните инвестиции во претпријатијата и финансирањата. Овој процес во втората половина од минатиот век го зголеми повеќе од три пати просечниот приход по глава на жител ширум светот.[222]

Во изминативе години честопати се тврдеше дека учествуваме во создавањето на една универзална, светска култура. Притоа се мисли сосема различни концепти. Прво: глобалната култура може да се однесува на мноштво социјални, економски и политички иеи, претпоставки и вредности што потекнуваат од западниот свет, а сега се широко распространиети меѓу елитите во целиот свет[223].

### 3.1. ВИДОВИ КОНЦЕПТИ НА ГЛОБАЛНА КУЛТУРА

Според Семјуел Хантингтон[224] (2003:8), помеѓу главните култури на денешниот свет постојат многу реални разлики. Како што покажуваат соционаучните студии постојат индивидуални култури, колективни култури, култури со одлика на вина, култури со одлика на срам, рамноправни и хиерархиски култури, култури со одлика на доверба или недоверба, култури во кои луѓето краткорочно размислуваат и такви, во кои долгорочно размислуваат, како во моќните и "вредните" култури. Социјалните науки ги евидентираа овие или оние разлики во изминативе години.

Според Хантингтон се издвојуваат три различни концепти на т.н. глобална култура.

[219] Matic M, Podunavac M, (1994), Politicki sistem – teorije i principi, Beograd, str.355.

220 Климовски С., (2001), Уставен и политички систем, Просветно Дело АД, Скопје, стр.985.

221 Клајн А., "Глобализацијата и локалната самоуправа – силни заедници во еден глобален свет", во "Политичка Мисла", 2003, вол.1, бр.4:35

[222] Келер, Х., "Кон поредокот на глобалната економија", во "Политичка Мисла", 2003, вол.1, бр.4:16

[223] Хантингтон П.С., "На пат кон глобалната култура?", во "*Политичка Мисла",* 2003:1:4:7

[224] Ibid. 2003:1:4:8

**Првиот концепт е на т.н. "давос-култура**"[225], по годишната средба на Светскиот Економски Форум, кој сои стотици владини службеници, банкари, политичари, бизнисмени, академици, интелектуалци и претставници на медиумите од целиот свет. Речиси сите од нив завршиле високо образование од областа на природните, социјалните или општествените науки, работат со зборови и/или со бројки, зборуваат мошне течно англиски јазик работат за влади, големи фирми и академски институции. Тие се дел од интензивни меѓународни врски и патуваат често во странство. Заеднички за сите нив се вербата во индивидуалноста, пазарната економија и политичката демократија, верба која како таква е широко распространета меѓу населението од западниот свет. Припадниците на концептот на "давос-културата", според Хантингтон, ги контролираат речиси сите меѓународни институции, многу влади во светот и повеќето меѓународни економски и воени институции. Давос-културата е од неизмерно значење. Но, во целиот свет има значително мал дел од светското население кое е дел од неа. Тие се далеку од универзалната култура, а водечките фигури кои учествуваат во неа не секогаш ја имаат ,моќта во свои раце во сопствената земја. Сепак, оваа култура е несекојдневна последица од глобализацијата на економската активност што се разви во последните векови.

**Вториот концепот за глобалната култура** се однесува на начинот на конзумирањето на западот и поп-културата од целиот свет. Културните трендови се пренесувале отсекогаш од цивилизација на цивилизација. Притоа станувало збор или за технички развитоци без никаква позначајна културна последица или, пак, за трендови што доаѓаат и си одат без позначајно да ја променат културата на рецептивната цивилизација. Нешто порафинирана верзија на аргументот за глобална поп-култура цели не на добрата за конзумирање, туку на медиумите и тоа повеќе на Холивуд, отколу на кока-кола. Американската контрола на светската филмска, телевизиска и видео индустрија, навистина преовладува. Но одвај моќат да се најдат докази дека со создавањето на глобалната комуникација доаѓа до значајно приближувае на вредностие и ставовите. Долгорочно гледано, постои можност глобалните медиуми да предизвикаат, одредено приближување на вредностите и вербата на луѓето, но тоа би се случило за подолг временски период.

**Третиот концепот за глобалната култура** се однесува на коегзистенција на различни култури. Но, сите тие билетрадиционални, ане модерни култури. Тогаш започна економската и социјалната модернизација во западниот свет и со тоа се создаде огромна бездна меѓу западот и незападните, немодерни општества. Денес модернизацијата претставува глобален феномен. Сите култури стануваат модерни и со тоа избледнува разликата меѓу Западот и останатиот свет. Но модернизацијата не имплицира и европеизација. Има бројни примери за тоа како модернизацијата ги зајакнува постоечките култури и со тоа ги зацврства разиките наспроти другите. Исто како што пред петстотини години живееле различнит екултури и цивилизации едни покрај други, така и во овој век гледаме како многу модерни култури егзистираат една покрај друга. Долгорочно гледано можеби, модерните култури би можеле да прераснат во една глобална модерна култура, но тоа би се случило дури во некоја далечна иднина[226].

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Сознанијата до кои дојдовме во овој труд, укажуваат дека културата се надоврзува директно на економскиот развој. Значењето на културата во однос на развојот на државите може да се набљудува и преку релативниот напредок кој го постигнаа бившите комунистички држави со реформата на својата економија. И примерот на Република Македонија укажува на фактот дека успехот на економските реформи варира точно од разликите на цивилизацијата во секоја земја. Од погоре кажаното би можеле да сумираме дека политичката култура е очигледен, но истовремено и невидлив општествен аспект, своевидна 'енергија' врз која се градат и регулираат општествените односи. Квалитетот на практицирањето на политичката култура, е тесно поврзан со демократскиот развој на една држава. Развојот на цивилното општество, побарува развој на демократска политичка култура, создавање на критичка јавност, демократска социјализација на граѓаните, афирмација на цивилните вредности кои во својот фокус го имаат граѓанинот.

Културите во државите во услови на галопирачки глобализациски детерминанти очекувано е, и може да се менуваат, но исклучително е тешко да се забележат вистински културни преобразби.

[225] Се мисли на највлијателните компании, кои еднаш годишно партиципираат на Самитот во Давос кој се смета за настан каде што се кројат глобалните светски трендови, Се работи за околу 1.000 мега-компании претежно од САД, Јапонија, Канада и Европа.

[226] Хантингтон П.С., "На пат кон глобалната култура?", во "*Политичка Мисла",* 2003:1:4:8

Културните разлики во државите во услови на забрзана глобализација се релевантни и за развојот на демократијата. Модерната демократија е производ на западната цивилизација, и според заклучоците на Хантингтон "преку осумдесет процент од демократијата во светот носи печат од Западот". Но демократијата е присутна и во општества со сосема други култури како во Јапонија и Индија. Хантингтон (2003:12) констатира дека "погрешно е да се тврди дека некоја специфична култура ја оневозможува демократијата, но со право може да се тврди дека некои култури се попријателски расположени кон демократијата од другите".

Во услови на забрзан економски развој, земјите во меѓународното отество ќе се трудат да се приближат до т.н. глобална култура. Тие ќе се трудат да станат модерни се повеќе, ќе се обидуваат да го усвојат во своите национални отества елитистичкиот пакет на мноштво социјални, економски и политички идеји и претпоставки и вреднсти кои потекнуваат од Западниот свет. Земјите нужно ќе тежнеат да се модернизираат, но сепак на крајот сите нема да бидат исти. Културните преобразби, нема да повлечат знак на еднаквост помеѓу државите во меѓународното општество, но културните разлики и понатаму ќе останат да влијаат на меѓународните односи, на економскиот развој и на политичките промени.

Отука, најголем предизвик за сите нас во годините што следат ќе биде во рамките на нашите национални општества, но и во меѓународните општества, да научиме да ги прифаќаме различностите.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Bishop, W.W., (1971), *International Law Cases and Materials*, Little Brown & Co., Boston, Toronto
[2] Levi W., (1976), *Law and Politics in the International Society,* London 1976, pg.37
[3] Matic M, Podunavac M, (1994), Politicki sistem – teorije i principi, Beograd, str.355.
[4] Peace of Westphalia, Енциклопедија „Британика", (www.britannica.com), пристапено 1 Јуни 2016.
[5] Podunavac M., Politicka Kultura I politicki ustanove, in Mirjana Vasovic /ur./, *"Fragmenti politicke kulture",* Institut drustvenih nauka, Beograd, 1998, str.13.
[6] Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2016) *Перцепциите на граѓаните за транспарентноста и партиципативноста во процесот на донесување на одлуки во единиците на ликалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет, 5. pp. 287-305. ISSN 1857-7229, стр.289
[7] The Crisis of the Sovereign State and the "Privatization" of Defense and Foreign Affairs, Heritage Foundation, (www.heritage.org), пристапено 1 Јуни, 2016.
[8] Vujadinovic D., Civilno drustvo I politicka kultura, in *"Filozofska istrazivanja",* 2007:29
[9] Williams, Goldstein and Schfritz, Classic Readings of International Relations, Wadsworth Publishing Company, Belmond, California, стр.82.
[10] Донели Џек, (2004), *Меѓународни човекови права,* МИ-АН, СКопје 2004, стр.34.
[11] Келер, Х., "Кон поредокот на глобалната економија", во "Политичка Мисла", 2003, вол.1, бр.4:16
[12] Клајн А., "Глобализацијата и локалната самоуправа – силни заедници во еден глобален свет", во "Политичка Мисла", 2003, вол.1, бр.4:35
[13] Климовски С., (2001), *Уставен и политички систем*, Просветно Дело АД, Скопје, стр.982-983.
[14] Малески Д., (2000), *Меѓународна политика,* Правен Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"-Скопје, стр.427
[15] Хантингтон П.С., "На пат кон глобалната култура?", во "*Политичка Мисла",* 2003:1:4:7